

FINANCETHINK
OUT OF THE BOX

# МАКРОЕКОНОМСКИ МОНИТОР

Март 2015

3(4)

THINK TANK FUND
SUPPORTING POLICY RESEARCH

Оваа публикација е произведена со поддршка од Open Society Think Tank Fund (TTF). TTF може да не се согласува или да не ги одобрува мислењата изразени во оваа публикација.

Светската економија порасна за 3.3 проценти во 2014 година. Во последниот квартал од 2014, опаѓачките цени на нафтата ја поттикнаа светската економија. Но, ваквите позитивни движења беа главно компензирани со слабостите на инвестициската активност, понатамошната варијабилност на финансиските пазари и влошените биланси кај земјите во развој – извознички на нафта. Особено растот во брзорастечките економии, и во повеќето развиени економии со исклучок на САД, е под ризик од забавување. **Проекцијата на ММФ за 2015 година претрпе надолна ревизија од 0.3 процентни поени и сега изнесува 3.5 проценти.**

Градежната активност, производството и извозот на странските фабрики, бавното но робустно забрзување на кредитирањето и натфрлањето на проекциите за индустриските движења, го водеа растот во четвртиот квартал од 2014 во Македонија. Економијата искористи и од ниските цени на нафтата. Иако се очекува економијата да продолжи по истата патека во 2015, ризиците од потфрлања кај надворешната побарувачка и капиталните приливи остануваат на сцена. **Порастот на економијата од 3.8 проценти во 2014 е во линија со проекцијата на Finance Think од 3.9 проценти, додека според моменталните околности, проекцијата за растот во 2015 останува непроменета, 4.1 проценти.**

## РАСТ И ИНФЛАЦИЈА










| Годишен раст, % | 2Q2014 | 3Q2014 | 4Q2014 |
|---|---|---|---|
| БДП ЕУ 28 | 1.2 | 1.3 | 0.4 |
| БДП Македонија | 4.7 | 4.3 | 2.7 |
| **Годишен раст, %** | **2Q2014** | **3Q2014** | **4Q2014** |
| Вкупна инфлација | (0.9) | (0.3) | (0.4) |
| Базична инфлација | 0.7 | 0.3 | (0.3) |

## ПАЗАР НА ТРУД










| % | 2Q2014 | 3Q2014 | 4Q2014 |
|---|---|---|---|
| Стапка на активност (%) | 41.1 | 41.3 | 41.5 |
| Невработеност на млади (%) | 55.2 | 52.0 | 50.4 |
| Просечна нето плата (ден.) | 21,294 | 21,234 | 21,886 |
| Раст на продуктивност (%) | 9.84 | 6.87 | 6.88 |

## ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ










| Годишен раст | 2Q2014 | 3Q2014 | 4Q2014 |
|---|---|---|---|
| М2 | 4.2% | 5.8% | 7.2% |
| Депозити | 8.3% | 8.7% | 10.4% |
| Кредити | 6.1% | 7.2% | 8.6% |
| МБИ-10 | -6.4% | 5.3% | 6.0% |
| Девизни резерви | -8.2% | 17.9% | 22.2% |

## НАДВОРЕШНА СМЕТКА










| % од БДП | 2Q2014 | 3Q2014 | 4Q2014 |
|---|---|---|---|
| Трговско салдо | -19.6% | -13.3% | -17.5% |
| Приватни трансфери | 18.4% | 21.9% | 19.4% |
| Тековна сметка | -4.4% | 5.8% | -0.4% |
| Странски инвестиции | 1.6% | 2.7% | 3.0% |
| Девизни кред. / вкупни кред. | 39.1% | 39.1% | 38.3% |










## ЈАВНИ ФИНАНСИИ







*Во К4-2014, буџетот беше скоро балансиран, доведувајќи го вкупниот буџетски дефицит за 2014 на 3.4% од БДП.*




*Растечкиот дефицит во ФПИОМ за 2014 беше придружен со негово натфрлање за близу 2% од предвидениот износ.*




*Растечкиот дефицит во ФЗО за 2014 беше исто така придружен со негово натфрлање за оолу 1.5% од предвидениот износ.*




*Општата стагнантна позиција на буџетот во 2014 резултираше со вообичаеното потфрлање на реализацијата на капиталните трошоци за околу 21%.*

## ИНДУСТРИСКИ БЛИЦ

| | Индустриско производство | | | Работници во индустријата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1-2Q/14 | 1-3Q/14 | **1-4Q/14** | 1-2Q/14 | 1-3Q/14 | **1-4Q/14** |
| Енергија | (16.0) | (17.5) | **(12.2)** | (3.0) | (3.6) | **(3.8)** |
| Интермедијарни производи, освен енергија | 8.7 | 7.5 | **7.1** | 1.9 | 3.3 | **4.0** |
| Капитални производи | 41.7 | 45.4 | **48.5** | 86.3 | 92.3 | **97.8** |
| Трајни производи за широка потрошувачка | 2.2 | (1.9) | **(1.6)** | 5.5 | 5.9 | **5.7** |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | 3.5 | 4.7 | **1.7** | 3.4 | 3.4 | **3.0** |
| | | | | | | |
| Производство на прехранбени производи | 0.6 | 5.3 | **2.5** | (0.2) | 0.4 | **0.3** |
| Производство на метали | (3.1) | 1.2 | **1.4** | 0.1 | (0.4) | **(1.2)** |
| Производство на облека | 9.2 | 7.0 | **4.6** | 0.2 | 0.3 | **(0.0)** |
| Производство на неметални минерални производи | 12.1 | 6.8 | **5.8** | (1.1) | 0.1 | **0.6** |
| Производство на тутунски производи | (7.3) | (0.1) | **5.6** | 7.4 | 10.2 | **9.9** |
| Производство на пијалаци | 8.1 | 6.6 | **(9.2)** | (1.0) | 0.2 | **1.3** |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | (99.6) | (99.3) | **(99.0)** | (18.0) | (22.4) | **(24.4)** |
| Производство на електрична опрема | 34.5 | 31.0 | **30.1** | 9.0 | 19.7 | **25.2** |
| Производство на фабрикувани метални производи | (7.9) | 0.6 | **5.1** | 7.3 | 8.8 | **10.1** |
| | | | | | | |
| Вкупно | 4.5 | 4.8 | **4.8** | 7.0 | 7.7 | **7.9** |

## ЗА FINANCE THINK OUT OF THE BOX

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики. Како неформална група постои од 2011 година, а како формална организација е основана во 2012 година.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

**Програмски области**

- Развојна економија: сиромаштија, социјална, доходна, родова, возрасна и етничка нееднаквост, невработеност, пристап до образование и здравствени услуги, регулаторно окружување, структурни реформи, и друго;
- Макро-финансии: економски раст, инвестиции, монетарна, фискална, надворешно-трговска и девизна политика и друго;
- Финансиски систем: развиеност на банкарскиот, осигурителниот, пензискиот и другите финансиски под-системи, оценка на ризиците и отпорноста на шокови на финансискиот систем, регионална и глобална финансиска интеграција и друго;

ОДГОВОРНОСТ

Copyright © 2012 од страна на Finance Think, Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, складира или внеси во систем за пребарување или да се пренесува во која било форма или со какви било средства (електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин), без претходна писмена дозвола од сопственикот на авторските права. Finance Think направи максимални напори да ја осигура точноста на информациите презентирани во овој документ. Меѓутоа, ниту Finance Think ниту кој било од неговите носители на одлуки или аналитичари или вработени може да биде одговорен за какви било финансиски последици кои произлегуваат од употребата на информациите претставени од овде.

**Finance Think**
Непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики
Ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје
+389 2 6147 630, 6156 168, www.financethink.mk, info@financethink.mk